**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**UNIVERSITETI “NËNË TEREZA” NË SHKUP**
**УНИВЕРЗИТЕТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ**

# B U L E T I N I
# I
# UNIVERSITETIT “NËNË TEREZA” NË SHKUP

# Б И Л Т Е Н
# НА
# УНИВЕРЗИТЕТОТ „МАЈКА ТЕРЕЗА“ ВО СКОПЈЕ

**Nr.84/ Бр.84**

**Shkup, 18 Qershor 2026**
**Скопје, 18 Јуни 2026 година**

**Botim i Universitetit "Nënë Tereza" në Shkup**
**Издание на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје**

Redaktor i veprimtarisë botuese të UNT-së / Уредник на издавачката дејност на УМТ:
Prof. Dr. Bekim Fetaji, rektor

Redaktor i Buletinit / Уредник на Билтенот:
Prof. Dr. Mustafa Ibrahimi
Mr. Bujar Kajolli

Këshilli redaktues i Buletinit / Уредувачки одбор на Билтенот:
Prof. Dr. Mustafa Ibrahimi
Prof. Inor. Dr. Fati Iseni
Dr. Raim Jashari
Mr. Bujar Kajolli

**PËRMBAJTJA / СОДРЖИНА**

## F A K U L T E T I  I S H K E N C A V E  T E K N I K E  / Ф А К У Л Т Е Т  З А  Т Е Х Н И Ч К И  Н А У К И


1. Жалба кон Рефератот за избор на наставник во сите наставно – научни звања во наставно-научната област **Финансии** на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје објавен на 05.06.2026 година, доставена од страна на Д-р Бесар Бериша / Ankesë ndaj Referatit për zgjedhje të një mësimëdhënësi në të gjitha thirrjet mësimore shkencore në fushën mësimore shkencore **Financa** në Universitetin “Nënë Tereza” në Shkup të shpallur më datë 05.06.2026, parashtruar nga Dr. Besar Berisha ............ 4-12
2. Одговор на жалбата на кандидатот Д-р Бесар Бериша доставен од страна на рецензионата комисија / Përgjige ndaj ankesës së kandidatit Dr. Besar Berisha dorëzuar nga ana e Komisionit Recensues ............ 13-19

Republika e Maqedonisë së Veriut / Република Северна Македонија
Republic of North Macedonia
Universiteti „Nënë Tereza" në Shkup / Универзитет „Мајка Тереза" во Скопје
„Mother Teresa" University in Skopje
Fakulteti i Shkencave Teknike / Факултет за технички науки
Faculty of Technical Sciences
11.06.2026
03-217/1

**До:**
**Рецензентската комисија за избор на наставник во наставно-научно звање доцент во наставно-научната област Финансии (5.02.00.07) на Техничкиот факултет при Универзитет „Мајка Тереза“ во Скопје**

**Предмет:**
**ЖАЛБА ВО ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ПО НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ФИНАНСИИ (5.02.00.07) –**

Почитувани,

Врз основа на објавениот конкурс и доставената документација, како кандидат во постапката за избор во наставно-научно звање **доцент** по наставно-научната област **Финансии (5.02.00.07)**, по извршен увид во Рефератот на Рецензентската комисија (во натамошниот текст: Рефератот), а во врска со одредбите од **Законот за високото образование** и **Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје** („Универзитетски гласник“, бр. 1/2018) (во натамошниот текст: Правилникот), го поднесувам следниот

**П Р И Г О В О Р**

со барање за преиспитување на законитоста и правилноста на постапката, односно за корекција на утврдените пропусти и неправилности кои се од суштинско значење за изборот.

## 1. ПОТЕНЦИЈАЛЕН КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ ВО РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА

Правилникот во член 32 пропишува дека Рецензентската комисија ја формира наставно-научниот совет на факултетот, додека член 33 ја уредува соодветноста на членовите на комисијата. Сепак, И покрај тоа, според општите начела на правична постапка и добрите академски практики, членовите на комисијата треба да бидат непристрасни и независни во однос на кандидатите.

Согласно сознанијата со кои располагам, постои потреба да се утврди дали **претседателката** на Комисијата **Проф.д-р Снежана Костадиноска – Милошеска,** била ментор, супервизор или имала друга директна академска поврзаност со кандидатот д-р Мики Рунтев.

Доколку ова се потврди, барам да се оцени дали таквата претходна менторска или академска поврзаност можела да влијае врз непристрасноста на оценувањето и дали постоела обврска за изземање од Комисијата.

**Барам Комисијата писмено да одговори:**

- дали постоела менторска врска меѓу претседателот/член на Комисијата и кандидатот д-р Мики Рунтев;
- дали постоеле заеднички трудови, проекти, институционална или академска соработка;
- дали таквата поврзаност била пријавена;
- дали е оценето дека нема конфликт на интереси;
- врз основа на кој акт е утврдено дека Комисијата може непристрасно да одлучува.

## 2. НЕСООДВЕТНОСТ ИЛИ НЕДОВОЛНА СРОДНОСТ НА ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ СО ОБЛАСТА ФИНАНСИИ

Според член 30 од Правилникот, конкурсот треба да ги содржи општите и посебните услови за избор, вклучувајќи ја соодветноста на образованието на кандидатот. Конкурсот е распишан за наставно-научната област **Финансии (5.02.00.07)**.

Во Рефератот е наведено дека кандидатот д-р Мики Рунтев:

- **прв циклус студии** завршил на Катедрата по Меѓународни односи при Правно-историскиот факултет на Југозападниот универзитет „Неофит Рилски", Благоевград, Република Бугарија;
- се стекнал со звање **дипломиран по Меѓународни односи**;
- **втор циклус студии** завршил како **Магистер по Меѓународни односи**, повторно на Катедрата по Меѓународни односи при Правно-историскиот факултет;
- **докторските студии** ги завршил подоцна во областа економски науки / финансии преку менторски систем.

Поради тоа, барам да се провери дали првиот и вториот циклус студии од областа **Меѓународни односи**, стекнати на **Правно-историски факултет**, се соодветни или доволно сродни за избор во областа **Финансии (5.02.00.07)**.

Воедно, барам да се земе предвид споредбениот факт дека моето образование има континуитет во економско-бизнис областа во сите три циклуси:

- **прв циклус:** Бизнис администрација и економија, просек 9.97;
- **втор циклус:** Магистер по економски науки, просек 10.00;
- **трет циклус:** Доктор по економски науки, просек 9.6.

**Избраниот кандидат, кај кого образовната траекторија, почнувајќи од средното образование па сè до вториот циклус студии, нема јасна и непосредна поврзаност со областа во која се врши изборот, а третиот циклус студии го има завршено преку менторски систем, објективно треба да се оцени дали е во академски дефицит во споредба со противкандидатот, кај кого сите три циклуси на образование се во континуитет, без вакви аномалии, и се во целосна согласност со законот и подзаконските акти.**

## 3. ПРОВЕРКА НА УВЕРЕНИЈАТА ЗА ОЦЕНКИ, ПРОСЕКОТ 8.00 И РОКОТ 03.04.2026 ГОДИНА

Според член 30 од Правилникот, документацијата која е од важност за изборот мора да биде доставена во предвидениот рок. Барам да се провери дали кандидатот д-р Мики Рунтев доставил целосни уверенија за оценки и просек за сите три циклуси студии, согласно условите од конкурсот.

Посебно барам да се провери **вториот циклус студии**, бидејќи во Рефератот е наведен просек **8.0**, што претставува граничен/минимален просек.

**Барам да се утврди:**

- дали просекот 8.0 е потврден со официјално уверение за положени испити, оценки и просечен успех, издадено од Југозападниот универзитет „Неофит Рилски" – Благоевград, односно од високообразовната установа каде што кандидатот го завршил вториот циклус студии;
- дали постои официјална еквиваленција од Министерството за образование и наука;
- дали еквиваленцијата се однесува и на просекот, а не само на дипломата;
- **дали сите документи за прв, втор и трет циклус биле доставени навремено.**

**Доколку некој документ, уверение, еквиваленција или потврда е издаден или доставен по 03.04.2026 година, барам истиот да не биде земен предвид во бодирањето.**

## 4. ПРОВЕРКА НА НАУЧНИ ТРУДОВИ ВО НЕРЕЦЕНЗИРАНИ ИЛИ НЕСООДВЕТНО КАТЕГОРИЗИРАНИ СПИСАНИЈА

Правилникот во член 26 (стр. 11) детално ги дефинира условите за научни и стручни трудови. Барам да се провери дали сите бодирани трудови на кандидатот д-р Мики Рунтев се објавени во списанија кои навистина ги исполнуваат критериумите за научно или стручно-научно списание според Правилникот.

**Посебно барам за секој труд да се провери:**

- дали списанието е рецензирано;
- дали списанието е само индексирано во Google Scholar или има реална научна категоризација;
- дали списанието има меѓународен уредувачки одбор согласно критериумите;
- дали трудот е од областа Финансии или од поширока економија, маркетинг, јавна политика, меѓународни односи или друга област;
- дали трудот е објавен пред **03.04.2026** година;
- дали труд од **2020** година е неправилно земен во периодот 2021–2026;

| | | |
|---|---|---|
| 2.9 | **Научен труд во меѓународно стручно Списание – Economic Development Економски развој, Skopje**, June, 2020y, Year. 22 No. 1-2/2020, **Miki Runtev**[1] . На тема: THE IMPACT OF DIGITIZATION ON FINANCIAL MARKETS AND THEIR TENDENCY ON GLOBAL GROWTH, при Универзитетот "св.Кирил и Методиј" Економски институт – Р.Македонија Скопје; https://www.ek-inst.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2022/08/Economic-Development-Journal-of-The-Institute-of-Economics-%E2%80%93-Skopje-Year.22-No.-1-22020-June-2020.pdf | 3 |

- дали трудовите со повеќе автори се бодирани со правилна пропорција.

**Барам Комисијата да достави проверлива табела за секој труд:** наслов, списание, датум на објава, индексирање, рецензентски статус, област и доделени поени.

## 5. ГРЕШКИ ВО БОДИРАЊЕТО НА НАСТАВАТА ОД ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

Правилникот (Анекс А, стр. 22) пропишува дека за одржување настава на **втор циклус студии** се доделуваат **3 бода по одржан курс**.

Референтот за секој предмет од втор циклус (т. 2.1 до 2.10) доделува по **9 бода**, што е **трикратно повисоко** од пропишаното. Ова е директно и повторено прекршување кое води кон значително преценување на бодовите.

Пример

| | | |
|---|---|---|
| 2.3 | **Одржување на предавања 2025/2026 година – факултет за економски науки при Европски универзитет – Скопје, зимски семестар, предмет: Монетарна и фискална економија на ЕУ; 3 часа** | **9** |

**Барам оваа грешка да се коригира** и бодовите за наставата од втор циклус да се усогласат со Правилникот (3 бода по курс).

## 6. ПРОВЕРКА НА ПРЕОПТОВАРЕНОСТ СО БРОЈ НА ПРЕДМЕТИ

Во Реферантот е прикажан голем број предмети на прв и втор циклус студии во релативно краток период. Барам да се провери реалната изводливост на таквиот наставен ангажман, односно:

- дали кандидатот навистина ги предавал сите наведени предмети;
- дали предметите биле активни во наведените години;
- дали постојат распореди, силабуси и одлуки;

- дали наставниот фонд е реално изведлив;
- дали предмети од **маркетинг** и **меѓународни односи** се оправдано третирани како релевантни за **Финансии**.

## 7. ОЧИГЛЕДНА МАТЕМАТИЧКА ГРЕШКА ВО ТОЧКА 4.2

Во точка 4.2 (стр. 69 од Билтенот бр. 83) е наведено: *„Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа од 2021 до 2026 = 3 × 0.2"*.

| | | |
|---|---|---|
| 4.2 | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа од 2021 до 2026 = 3 x *0.2** | **6** |

Математички, **3 × 0.2 = 0.6**, а не **6** (како што е прикажано во збирот). Ова е очигледна аритметичка грешка која директно влијае врз вкупниот број поени.

**Барам оваа ставка да се коригира.**

## 8. ПРОМОТИВНИ АКТИВНОСТИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ — 2.5 ПОЕНИ, А НЕ 10 ПОЕНИ

Во точка 3.1 (стр. 69) кандидатот зема **10 бода** за промотивни активности (презентации во средни училишта). Правилникот (Анекс Г, стр. 29) за „Учество во промотивни активности на факултетот" доделува **0.5 бод по активност**.

Со 5 презентации, **вкупниот износ треба да биде 2.5 бода**, а не 10. Барам оваа ставка да се коригира на **2.5 поени**.

## 9. МОЖНО ДУПЛИРАЊЕ НА ТОЧКИ 3.2 И 3.4

Барам да се провери дали точките **3.2** и **3.4** (стр. 69) се дуплирани. Во табелата се појавува ист или суштински ист предмет/активност: **„Меѓународен маркетинг"**.

**Барам да се утврди:**

- дали 3.2 и 3.4 се различни активности;
- дали постојат два различни докази;

## 10. МОЖНО ДУПЛИРАЊЕ НА ТОЧКИ 5.2 И 5.3

Барам да се провери дали точките **5.2** и **5.3** (стр. 69-70) се однесуваат на иста или суштински иста активност (сертификати за рецензирање од азиски списанија).

**Барам Комисијата да утврди:**

- дали активностите се навистина различни;
- дали постојат два одделни документи;

## 11. ПРОВЕРКА НА НАУЧНОТО ВЛИЈАНИЕ: ЦИТИРАНОСТ И h-INDEX НА ДВАТА КАНДИДАТИ

Барам Комисијата да го преиспита споредбеното научно влијание на двајцата кандидати преку проверливи научни индикатори, особено бројот на цитати и h-index.

Според достапните и проверливи податоци од **Google Scholar** (https://scholar.google.com/citations?user=Fo7kEjUAAAAJ), **д-р Бесар Бериша** има:

- **h-index 4**
- значително поголем број цитати

За разлика од него, **д-р Мики Рунтев** има **h-index 1** и значително помал број цитати.

**Барам Комисијата да го образложи** зошто овој фактор не бил соодветно вреднуван во постапката.

## 12. ПРОВЕРКА НА БОДИРАЊЕТО НА МЕЃУНАРОДНИ КОНФЕРЕНЦИИ СО ПРЕЗЕНТИРАН И ОБЈАВЕН ТРУД ВО ЗБОРНИК

Барам Комисијата повторно да го провери бодирањето на моите меѓународни конференциски активности, бидејќи не станува збор за обично присуство на конференција, туку за **презентација на научен труд и објавување во зборник на трудови / proceedings** .

Пример барам да се проверат следниве активности:

- **ISCBE 2024, Португалија** — презентиран труд и објавен труд во conference proceedings;
- **ISCBE 2025, Тетово** — презентиран труд и објавен труд во conference proceedings.
- **PRIME 2024, Косово** — презентиран труд и објавен труд во conference proceedings;

**Барам Комисијата да утврди:**

- дали за секој труд е доставен сертификат за презентација и објавен во зборник на трудови.

## 13. ПОВТОРНО КОРИСТЕЊЕ НА ИСТИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА ПОВЕЌЕ ИЗБОРИ (АКУМУЛАЦИЈА НА БОДОВИ)

Согласно Законот за високото образование и Правилникот за избор на Универзитетот „Мајка Тереза“, принципот на акумулација на бодови подразбира дека активностите кои се бодираат мора да бидат остварени **по последниот избор**.

Кандидатот д-р Мики Рунтев веќе бил избран во звањето доцент на Европски Универзитет – Скопје. Со оглед на тоа дека истите активности (објавени трудови, проекти, друг ангажман) не можат да послужат како основа за два избора во исто звање, барам од Комисијата да достави:

1. Реферат од претходниот избор на д-р Рунтев во звање доцент на Европски Универзитет.
2. Список на активности искористени за тој избор.
3. Споредбена листа со активностите пријавени на овој конкурс за да се утврди евентуално дуплирање на бодовите.

Барам Комисијата да се изјасни дали е дозволено кандидат да ги користи истите резултати за избор во исто звање на два различни универзитети. Сметам дека тоа е во спротивност со основните начела на правичност и академскиот интегритет на постапката за избор.

## 14. ПРИНЦИП НА БОДУВАЊЕ ЗА КАНДИДАТ БЕЗ ПРЕТХОДНО АКАДЕМСКО ЗВАЊЕ – ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ НА СИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ПОЧЕТОКОТ НА КАРИЕРАТА

Согласно **член 8, став 3** од Правилникот, начинот на вреднување на активностите зависи од тоа дали кандидатот претходно бил избран во наставно-научно звање.

Јас, **д-р Бесар Бериша**, немам претходно избор во звање доцент или друго наставно-научно звање. Ова е мојот **прв избор** во наставно-научната област Финансии (5.02.00.07).

Според **член 10, став 1** од Правилникот, за прв избор во звање доцент:

*„... се вреднуваат **сите активности до изборот во звањето доцент**.“*

Ова значи дека:

- **Нема временско ограничување** од 5 години или слично.
- Сите мои научни трудови, конференциски учества, проекти, стручно-апликативни активности и професионално искуство, од **почетокот на мојата кариера** до денот на пријавата, треба да бидат земени предвид и соодветно бодирани согласно Анексите на Правилникот.

**Барам Комисијата:**

1. Да го потврди принципот дека за кандидат без претходно академско звање се бодуваат **сите активности од почетокот на кариерата**.
2. Да изврши ревизија на мојата бодовна листа и да ги вклучи сите релевантни активности кои до сега не се соодветно вреднувани (вклучувајќи ги и оние наведени во точките 12, 13, 14 и 15 од овој приговор).

3. Да даде писмено образложение за секоја активност што е исклучена од бодување, со цитирање на конкретна одредба од Правилникот.

## 15. ПРОВЕРКА НА НЕПРИЗНАВАЊЕ ИЛИ НЕДОВОЛНО ВРЕДНУВАЊЕ НА СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНАТА ФИНАНСИСКА ДЕЈНОСТ ВО ECOLOG INTERNATIONAL FZE

Барам Комисијата повторно да го провери вреднувањето на моето **над 12-годишно меѓународно професионално искуство** во областа финансии, treasury management и корпоративно финансиско работење во **Ecolog International FZE**.

Во доставената документација се наведени конкретни финансиски, системски и имплементациски активности, меѓу кои:

- управување со cash-flow forecasting;
- liquidity planning;
- payment processing за меѓународни проекти;
- користење и имплементација на FIS Treasury Management System;
- SAP integration и SAP automation;
- Jedox budgeting and forecasting;
- банкарски усогласувања и bank reconciliations;
- domestic and international payment processing;
- banking relationships и credit terms;
- FX risk mitigation;
- treasury reporting;
- financial reporting
- Balance Sheet and P&L Validation
- training of employees for SAP and FIS procedures.

**Барам Комисијата да образложи:**

- кои од овие активности се признати како стручно-апликативна дејност;
- кои активности не се признати и зошто;
- дали FIS, SAP, Jedox, treasury, liquidity planning, budgeting, bank guarantees и payment controls се третирани како директно релевантни за областа Финансии;
- дали имплементациските процеси во Ecolog се вреднувани како применета финансиска дејност;

- доколку не се вреднувани како научноистражувачки проекти, дали треба да бидат прекласифицирани и вреднувани како стручно-апликативна дејност;
- зошто директната практична финансиска дејност на кандидатот не е детално прикажана и вреднувана во споредбената оценка.

**Барам да се изврши ревизија на бодирањето на стручно-апликативната дејност** и да се даде јасно образложение дали и како се вреднувани моите финансиски имплементациски активности, системски проекти и професионално искуство, кои се директно поврзани со конкурсната област **Финансии (5.02.00.07)**.

Со почит,

**д-р Бесар Бериша**

Кандидат во постапката за избор во наставно-научно звање доцент

Наставно-научна област: Финансии (5.02.00.07)

**Датум:** 11.06.2026
**Скопје**

**<u>Одговор на Приговор бр. 03-217/1 поднесен од кандидатот</u>**
**<u>д-р Бесар Бериша поднесен на 11.06.2026</u>**

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ и на веб страната www.unt.edu.mk на 30.03.2026 година, за избор на наставник во сите наставно–научни звања во наставно–научната област Финансии (5.02.00.07) од Класификацијата на научно-истражувачките подрачја (5–Општествени науки), поле (5.02 Економија и бизнис) и области според Фраскатиева класификација и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за технички науки, бр.02-179/5 донесена на 09.04.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

- **Проф. д-р Снежана Костадиноска – Милошеска –** претседател на Комисијата**,** Редовен професор на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“, Скопје, Р.Македонија – Економски институт – Скопје;
- **Проф. д-р Климентина Попоска –** член на Комисија, Редовен професор на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“, Скопје, Р.Македонија – Економски институт Скопје;
- **Вон. Проф. д-р Зана Беќири Љума** член на Комисија, Вонр.Професор на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, Р.Македонија – Економски факултет.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставениот приговор на еден од кандидатите и разгледување на целокупната документација го поднесуваме следното.

Рецензентската комисија непристрествено ги имаше во предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања согласно разгледаната документација на двајцата кандидати.

Во однос на **првиот дел**, **од Приговорот, точка број 1;**

Согласно Законот за високо образование и Правилникот за критериуми за избор во звања на Универзитет Мајка Тереза Скопје, Рецензентската комисија се избира по предлог на Деканот на Факултетот на седница на Наставно научниот совет на Факултетот, од кои двајца рецензенти треба да бидат од иста област со распишаниот конкурс, а еден рецензент е од сродна област. Согласно овие законски критериуми е формирана рецензентската комисија за избор на наставник во сите наставно–научни звања во наставно–научната област Финансии. Во Законот за Високо образование и во Правилникот на Универзитетот не постои исклучување на Ментор, Член на комисија за одбрана на некои од кандидатите.

Дополнително, по направениот увид во доставените документи од д-р Мики Рунтев комисијата увиде дека ниту еден од доставените трудови не е во коавторство со претседателот на комисијата, но и со членовите на рецензентската комисија.

Во однос на **вториот дел од Приговорот точка број 2**;

Во делот од приговорот за несоодветност и сродност, согласно Законот за високо образование рецензентска комисија ја земаше во предвид докорската дисертација на кандидатот д-р Мики Рунтев. Во Законот за Високо образование и Правилникот за избор во звања на Универзитетот, прецизирано е дека кандидатот треба да има докторат од соодветната област (областа на распишаниот конкурс) и дополнително просек од најмалку 8 од прв и втор циклус на студии. Имено, кандидатот д-р Мики Рунтев се стекнал со звање Доктор на Економски науки со наслов на докторска дисертација, „*Нови тенденции и предизвици во меѓународниот финансиски*

*менаџмент*“, наспроти кандидатот д-р Бесар Бериша кој докторската дисертација е фокусирана на тема, „*Влијание на споделените ментални модели врз работните перформанси, модерираниот ефект на емоционалната интелегенција – мултидимензионална анализа*“.

Комисијата, исто така, ги имаше во предвид областа на трудовите на двајцата кандидати. Кандидатот д-р Бесар Бериша истражува претежно во областа на емоционална интелигенција, при што истражувањата се објавени и презентирани од областите на организациското однесување, емоционалната интелигенција, одржливост и перфоманси на работното место, (други области), наспроти кандидатот д-р Мики Рунтев кои истражувањата ги фокусирал во областа на финансиите, финансиски системи, финансиските пазари (други области).

Во однос на **третиот дел од Приговорот точка број 3**;

Во овој дел од приговорот рецензентската комисија ги разгледа сите навремено и уредно доставените документи и констатираше, исто како во рефератот објавен во Универзитетскиот билтен. Кандидатот д-р Мики Рунтев уредно и навремено ги има доставено уверенија од прв и втор циклус на студии и соодветни еквиваленции и нострификации од Министерството за образование и наука.

Во однос на **четвртиот дел, од Приговорот точка број 4,** истакнуваме дека кандидатот д-р Мики Рунтев, ги има уредно исполнето сите критериуми според Законот за високо образование за избор во насловно научно звање. Со кое, кандидатот поседува трудови кои ги исполнуваат законските критериуми за избор во наставно научно звање, Доцент од областа финансии, по години 2021 – 2026 година.

Како такви се:

**НАУЧНО – ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Бр. | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| | **1. Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание.**<br>**- Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно списание во чиј извадачки совет учествуваат преставници на најмалку 5 држави, при што членови од една држава не смеат да надминивуаат над 40%, а истото да е индексирано во Google Scholar, Directory of Open Acces Journals – DOAJ;**<br>**- Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно списание со меѓународен уредувачки одбор и со рецензирани стручни текстови, издавачки совет и уредувачки одбор со повеќе од пет земји.** | |
| 1. | **Научен труд во меѓународно стручно Списание – KNOWLEDGE –International Journal Vol.73.1/2025, индексирано во датабазата на: EBSCO Host, Data Base Business Source; Index Copernicus; – WorldCat; – EuroPub; – Scilit; – Global Impact Factor; CEEOL Central and Eastern European Online Library. Autor: Pavle Trpeski[1], Vesna Korunovska[2], Aleksandar Trajkovski[3], Miki Runtev.[4] На тема: MANAGEMENT OF THE TAX FUNCTION AS A FACTOR IN DETERMINING FISCAL SUSTAINABILITY OF PUBLIC FINANCES – http://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/7901**; | **1.8** |
| | **Научен труд во меѓународно стручно Списание – South-East European Journal of Sustainable Development 2025 – Volume 9, issue 2, 2025, индексирано во датабазата на EBSCO, Autor: Ass.Prof.Miki Runtev PhD На тема: THE** | |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | **FINANCIAL POLICY OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA IN CONDITIONS OF CHANGES FROM MULTIPLE CRISIS, CHALLENGES FOR INTERNATIONAL INVESTMENT AND DECISION-MAKING, https://seejsd.unt.edu.mk/ https://journals.unt.edu.mk/wp-content/uploads/2025/09/SEEJSD-Volume-9_Issue-2-2025.pdf;** | **3** |
| 3. | **Научен труд во меѓународно стручно Списание – South-East European Journal of Sustainable Development – ISSN 2545-66, 2023, SEEJSD Vol. 7 issue 2, year 2023, индексирано во датабазата на EBSCO, Autor: Ass.Prof.Miki Runtev PhD. На тема: Dynamics of digitalization of financial markets in pandemic conditions. https://seejsd.unt.edu.mk/wp-content/uploads/2024/06/SEEJSD-Volume-7_Issue-2-2023-2-1.pdf#page=67 , https://seejsd.unt.edu.mk/** | **3** |
| 4. | **Научен труд во меѓународно стручно Списание – South-East European Journal of Sustainable Development SEEJSD Vol.6 (1/2022), ISSN 2545-7, 2022, индексирано во датабазата на EBSCO, https://seejsd.unt.edu.mk/ Autor: Ass.Prof.Miki Runtev PhD. На тема: New movements and tendencies of foreign direct investments. https://seejsd.unt.edu.mk/wp-content/uploads/2024/06/SEEJSD-Volume-6_Issue-3-2022-3-1.pdf#page=6,** | **3** |
| 5. | **Научен труд во меѓународно стручно Списание – Economic Development Економски развој, 2022у, No. 3/2022 индексирано во датабазата на EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database, (Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library, (Frankfurt, Germany). Autor: Ass.Prof.Miki Runtev PhD. На тема: THE IMPACT OF MILITARY EXPANSION AND EFFECT OF COVID-19 PANDEMIC ON THE INTERNATIONAL ECONOMY. https://www.ceeol.com/search/article-detail?id=1225612, https://www.ek-inst.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2022/10/3.-42-56-from-ED-year-25-no-3-2022-v.1-5.pdf , https://www.doi.org/10.55302/ED22243042r;** | **3** |
| **6.** | **Научен труд во меѓународно стручно Списание – Economic Development Економски развој, Skopje, December, 2021y, Year. 23 No. 2-3/2021 индексирано во датабазата на: EBSCO Business Source Complete, EBSCO Discovery Service (EDS) in EBSCO Publishing Database, (Ipswich USA); CEEOL Central and Eastern European Online Library, (Frankfurt, Germany). Autor: Ass.Prof.Miki Runtev PhD. На тема: NEW INDICATORS OF INTERNATIONAL CAPITAL FLOW. https://www.ek-inst.ukim.edu.mk/wp-content/uploads/2022/08/Economic-Development-Journal-of-The-Institute-of-Economics-%E2%80%93-Skopje-Year.23-No.-2-32021-December-2021.pdf;** | **3** |
| | **Научен труд во Монографија / MONOGRAPH KNOWLEDGE AND TALENT – FOUNDATION FOR SUCCESS/ЗНАЕЊЕТО И ТАЛЕНТОТ – ФУНДАМЕНТ ЗА УСПЕШНОСТ, Skopje, 2024, Publisher European University – Skopje. ISBN 978-608-4574-97-2, more than five INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD. Autor: Ass.Prof.Miki Runtev PhD. На тема: ФИНАНСИСКИ, ТЕХНОЛОШКИ И ТЕХНИЧКИ ШТЕТИ ВО БЕЗБЕДНОСТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ, 2024, ISBN 978-608-4574-97-2,** | **4** |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | **https://plus.cobiss.net/cobiss/mk/mk/data/cobib/63971333?format=isbd; https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2024/06/%D0%97%D0%9D%D0%90%D0%95%D0%8A%D0%95%D0%A2%D0%9E-%D0%98-%D0%A2%D0%90%D0%9B%D0%95%D0%9D%D0%A2%D0%9E%D0%A2-%D0%A4%D0%A3%D0%9D%D0%94%D0%90%D0%9C%D0%95%D0%9D%D0%A2-%D0%97%D0%90-%D0%A3%D0%A1%D0%9F%D0%95%D0%A8%D0%9D%D0%9E%D0%A1%D0%A2.pdf; https://plus.cobiss.net/cobiss/mk/mk/data/cobib/63971333?format=isbd;** | |
| 8. | **Научен труд во меѓународно стручно Списание "IDEA" International Journal of Science and Arts, Publisher European University – Skopje 2023, more than five INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD, IDEA Int. J. Sci. Arts. 7(2023) No.13. Autor: Ass.Prof.Miki Runtev PhD. На тема: NEW DETERMINANTS AND FORECASTS OF DOMESTIC INTEREST RATES AND THE BANKING SECTOR WITH SPECIAL REFERENCE OF DEVELOPING COUNTRIE; www.eu.edu.mk idea@eurm.edu.mk;** | **3** |
| 9. | **Научен труд во меѓународно стручно Списание "IDEA" International Journal of Science and Arts, Publisher European University – Skopje 2023, more than five INTERNATIONAL EDITORIAL BOARD, IDEA Int. J. Sci. Arts. 7(2023)14, Autor: Ass.Prof.Miki Runtev PhD. На тема: НОВИ ПРЕДИЗВИЦИ И ПРЕДВИДУВАЊА ЗА ДОМАШНАТА МОНЕТАРНА И ФИНАНСИСКА СТАБИЛНОСТ ВО КОМПАРАЦИЈА СО МЕЃУНАРОДНАТА ПРАКТИКА https://www.eu.edu.mk/wp-content/uploads/2023/12/IDEA-No.14.pdf;** | **3** |

Во прилог на ова, комисијата истакнува дека е направен пропуст во еден од трудовите кои е од 2020 година и поради тоа тој е отстранет и не е предмет на разгледување. Оттука, се прифаќа забелешката на кандидатот д-р Бесар Бериша и на кандидатот д-р Рунтев му се одземаат 3 бода од Научно – истражувачката дејност.

Во однос на **петиот дел, од Приговорот точка број 5.** Во однос на бодовите за наставата од втор циклус на студии, укажуваме на тоа дека пресметката е направена согласно Правилникот за критериуми за избор во звања на Универзитет Мајка Тереза – Скопје, поточно по однос за секоја година кои се добива по 3 бода по одржан курс.

Во однос на **шестиот дел, од Приговорот точка број 6.** Кандидатот д-р Мики Рунтев во последните пет години од 2021 – 2026 година, има започнато ангажман на Европски универзитет Скопје, како Доцент од областа финансии и има спроведувано наставата по група предмети кои биле по стара и нова програма. Со кое, во Рефератот јасно пишува во која година и според каква наставна програма спроведувал предавања, како и спорведување на испити од областа и сродни на областа финансии.

Во однос на **седмиот дел, од Приговорот точка број 7.** Комисијата истакнува дека е направена техничка грешка во пресметката на поените. Со што на кандидатот д-р Рунтев ќе се направи корекција во бодовите и ќе биде пресметано по 0.6 поени.

Во однос на **осмиот дел, од Приговорот точка број 8,** кандидатот д-р Рунтев има земено учество во промотивни активности на факултетот и тоа се бодува со *0,5, па така, 5 години промотивни активности во 4-училишта по *0.5 еднакво на 10 поена. 5 x *0.5 x 4=10

Во однос на **деветиот дел, од Приговорот точка број 9,** Комисијата истакнува дека е направена техничка грешка, односно дуплирање во предметите, со што на кандидатот д-р Рунтев му се одземаат четирите бода.

Во однос на **десетиот дел, од Приговорот точка број 10,** Комисијата, ги нема внесено броевите на Сертификатите, но во рефератот се внесени линкови од соодветните Сертификати.

Оттука во овој одговор на Приговорот ќе се внесени соодветните броеви:

**Certificate No: PRAJEBA145967MIK**

Academic Year: 2025-2026;

**Certificate No: PRACRI142268MIK**

Academic Year: 2025-2026;

**Certificate No: PRAJSRR/2041MIK**

Academic Year: 2025-2026;

**Certificate No: PRAJEBA152612MIK**

Academic Year: 2025-2026.

Во однос на **единаестиот дел, од Приговорот точка број 11;**Комисијата не ја спори цитираноста и h-Index на Кандидатот д-р Бесар Бериша, но индексот на цитираност не е услов и критериум за избор во звања.

Во однос на **дванаесетиот дел, од Приговорот точка број 12,** Комисијата истакнува дека сите доставени трудови се разгледани и бодувани во рефератот.

Во однос на **тринаесетиот дел, од Приговорот точка број 13;**

Во овој дел од приговорот, согласно Законот за високо образование и Правилникот за избор во звања се земаат во предвид активности, трудови, проекти и слично, објавени и реализирани во последните пет години, односно во периодот 2021 – 2026 година. При разгледувањето на активностите на кандидатот д-р Мики Рунтев се земани сите активности во овој период. Неговиот претходен избор на Европски универзит Скопје, не означува дека треба да постои исклучување на овие активности. Согласно Законот за високо образование, еден кандидат не смее да има избор во звања на два различни Универзитети во исто време. Но, бидејки се работи за ново вработување на Универзитетот Мајка Тереза во Скопје, земени се во предвид сите активности на двајцата пријавени кандидати во периодот 2021-2026 година.

Во однос на **четиринаестиот и петнаестиот дел, од Приговорот точка број 14 и 15.** Комисијата констатира дека при избор во наставно – научно звање Доцент се избира лице кои ги исполнува единствено условите утврдени според Законот за високо образование и Правилникот за избор на Универзитетот. Во рефератот објавен во Универзитетски билтен, се вреднувани сите активности на двајцата пријавени кандидати во периодот за избор. Сите дополнителни активности надвор од овој период и сите дополнителни обуки кои се надвор од овој период не се земани во предвид и не се бодувани на двајцата кандидати.

**ЗАКЛУЧОК:**

По согледување на сите искажани факти од страна на еден од пријавените кандидати на конкурсот д-р Бесар Бериша и нивното соодветно образложување во овој Одговор, ние како рецензентска комисија овој приговор го сметаме како неоснован и во целост стоиме позади Рефератот објавен во Универзитетскиот Билтен (во кој детално образложуваме дека д-р Мики Рунтев во целост ги исполнува условите за избор во наставно научно звање Доцент за наставно научната област Финансии и предлага за негов избор). Во прилог на ова, укажуваме дека вреднувањето на бодовите на кандидатите е заклучено, односно д-р Мики Рунтев има остварено вкупно 237.7 поени, додека кандидатот д-р Бесар Бериша има вкупно 153,4 поени.

Овој одговор на Приговор, исто така, го доставуваме до Универзитетот Мајка Тереза – Скопје за објавување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф.д-р Снежана Костадиноска – Милошеска – претседател с.р.** __________________

**Проф.д-р Климентина Попоска – член с.р.** __________________

**Вон.Проф.д-р Зана Беќири Љума – член с.р.** _________________

**Скопје, јуни 2026 година**